**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-423/6**

**Скопје, 24.07.2007 година**

**ЈНУ ХИДРОБИОЛОШКИ ЗАВОД ОХРИД**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на ЈНУ Хидробиолошки завод Охрид - Сметка за приходи од самофинасирачки активности, за 2006 година, кои се прикажани на страните од 5 и 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е извршена ревизија, и не е издаден извештај за финансиските извештаи на ЈНУ Хидробиолошки завод - сметка за приходи остварени од самофинансирачки активности за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Д-р Гоце Костоски , директор

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 21.05 2007 до 29.06.2007 година, од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*

*Овластен Државен ревизор*

---------------------------------------

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 16.07.2007 година со писмо број 1104-423/4 примена е забелешка по точка 10.3.1 од Претходниот извештај на овластениот државен ревизор. Истата е разгледана при што е констатитирано дека забелешката **не се прифаќа** поради тоа што Заводот за набавката на храна за риби во 2006 година не спровел постапка со преговарање по претходно обезбедена согласност од Бирото за јавни набавки во случај кога набавката може да се реализира од единствен добавувач.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 11.1. Неправилна примена на акти

11.1.1. Ревизијата констатира дека ЈНУ Хидробиолошки завод врши наплата на приходи за направените биолошки анализи на водата по цена од 3 илјади денари за извршена проба, без претходно донесен интерен акт или утврдена методологија, од која ќе може да се утврдат сите параметри за пресметката на трошоците на услугата . Висината на надоместокот за извршената услуга е утврден во претходни години, за кој на ревизијата не и беше доставен акт за пресметка на цената на чинење што не дава доволно уверување дека цената која е утврдена реално ги искажува трошоците за извршените услуги. Имајќи ја предвид должината на периодот за кој не е извршена промена на надоместокот и трошоците кои се прават за извршување на анализите, ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на искажаните приходи во вкупен износ од 144 илјади денари.

**Препораки и мерки:**

1. Директорот на ЈНУ да донесе методологија за утврдување на цената на чинење на извршените стручни анализи на водата од страна на Заводот согласно направените трошоци од извршените проби за биолошки анализи на водата.

### 11.2. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба

11.2.1. Спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници позицијата побарувања од купувачи не е реално прикажана за



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311* ---------------------------------------

вредноста на ненаплатените побарувања од купувачи во вкупен износ од 186 илјади денари. Иако побарувањата се евидентират вонсметководствено, на крајот на пресметковен период не се врши пренесување на состојбата во сметководствената евиденција. Ревизијата констатира дека наплатата на побарувања од извршените услуги е на многу ниско ниво и вкупните ненаплатени побарувања го надминуват износот на наплатените што ја загрозува ликвидноста и доведува до состојба Заводот да не може навремено да ги подмирува тековните обврски.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорните лица во сметководството на Заводот да извршат целосно евидентирање на сите побарувања во сметководствена евиденција на заводот со цел реално утврдување на позициите во Билансот на состојба согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетски корисници. Директорот на Заводот да превземе мерки за целосна наплата на побарувања од купувачи.

11.3. **Ненаменско и незаконско користење на средствата:**

11.3.1. Спротивно на Законот за јавни набавки вршени се набавки на храна за риби од ,,Копенс-интернационал,, Скопје во вкупен износ од 112 илјади денари, повеќе пати во текот на годината од еден ист добавувач, со што не е обезбедена транспарентност и јавност во набавката и има за последица незаконски потрошени државни средства.

**Препораки и мерки:**

1. Директорот на ЈНУ да обезбеди доследна и целосна примена на Законот за јавни набавки.

12. Според наше мислење, а поради значајноста на прашањето изнесено во точка 11.2, Билансот на состојба на ЈНУ Хидробиолошки завод Охрид – сметка за приходи од самофинансирачки активности, не ја претставува вистинито и објективно финансиската состојба под 31.12.2006 година, додека резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум е во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 11.3. кај ЈНУ Хидробиолошки завод - Сметка за приходи од самофинасирачки активности, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

14. **Прифатени искорегирани неправилности од страна на ЈНУ Хидробиолошки завод во текот на ревизијата**

14.1.1. Во периодот на вршење на ревизијата за искажаните почетни состојби, а заради реално и објективно искажување на Позицијата Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и Извори на капитални средства извршена е корекција со која истите се намалуваат во вкупен износ од 45 илјади денари , за вредноста на продадените акции . Корекцијата е спроведена во налог број 24 од 31.05.2007 година.



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311* ---------------------------------------

14.1.2. Ревизијата предложи корекција на Позицијата Извори на капитални средства со која иста се намалува за 539 илјади денари во корист на позицијата Пасивни временски разграничувања, за вредноста на погрешно евидентирани побарувања од купувачи и остварениот вишок на приходите над расходи.

14.1.3. Извршена е корекција на Позицијата Неданочни приходи со која иста се намалува за 1,806 илјади денари во корист на позицијата Трансфери и донации, за вредноста на погрешно евидентирани приходи добиени од други нивоа на власт и пренесен вишок на приходи над расходите. Корекција е спроведена во налог број 23 од 31.05. 2007 година.

**Скопје, 23.07. 2007 година** **Овластен државен ревизор**



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година**

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2006** | **2005** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 144 | 2.817 |
| Трансфери и донации | 1.806 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **1.950** | **2.817** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 1.754 | 2.623 |
| **Вкупно тековни расходи** | **1.754** | **2.623** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 0 | 194 |
| **Вкупно капитални расходи** | **0** | **194** |
| **Вкупно расходи** | **1.754** | **2.817** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **196** | **0** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2006** | **2005** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 196 | 707 |
| Побарувања | 343 | 343 |
| **Вкупно тековни средства** | **539** | **1.050** |
| **Постојани средства** | | |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 0 | 45 |
| **Вкупно постојани средства** | **0** | **45** |
| **Вкупна актива** | **539** | **1.095** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 539 | 695 |
| **Вкупно тековни обврски** | **539** | **695** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 0 | 400 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **0** | **400** |
| **Вкупна пасива** | **539** | **1.095** |



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*

*Овластен Државен ревизор*

---------------------------------------